# Процедура за остварување на права на субјектот на лични податоци

## 1. Запирање на обработка на личните податоци

Субјектот на лични податоци има право со поднесување на Барање за запирање на обработката на личните податоци во писмена форма или преку дигитален канал, да побара запирање на обработката на неговите лични податоци кога личните податоци се обработуваат со цел:

- извршување на работи од јавен интерес или по основ на службено овластување на **ПЗУ Поликлиника БИОТЕК Скопје** или на трето лице на кое му се откриени податоците или
- исполнување на легитимните интереси на **ПЗУ Поликлиника БИОТЕК Скопје**, трето лице или лице на кое податоците му се откриени, освен ако слободите и правата на субјектот на лични податоци не преовладуваат над таквите интереси

Доколку Барањето е основано, **ПЗУ Поликлиника БИОТЕК Скопје** е должен да ја запре понатамошната обработка на личните податоци.

Барањето кое е поднесено во продажно место на **ПЗУ Поликлиника БИОТЕК Скопје** или преку дигитален канал се доставува до Офицерот за заштита на лични податоци, кој е одговорен да го проследи до сите релевантни сектори во компанијата, да ги собере сите потребни информации и соодветно да одговори на субјектот на лични податоци во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

## 2. Измена, дополнување или бришење на личните податоци

Субјектот на лични податоци има право да поднесе Барање за дополнување, измена или бришење на информации за обработка на личните податоци при што **ПЗУ Поликлиника БИОТЕК Скопје** е должен да ги дополни, измени, избрише или да го сопре користењето на личните податоци.

Дополнување, измени, бришење или сопирање на користењето на личните податоци се прави и во случај кога **ПЗУ Поликлиника БИОТЕК Скопје** ќе утврди дека личните податоци се нецелосни, неточни или неажурирани, односно доколку нивната обработка не е во согласност со законските одредби.

## 3. Барање на информации од страна на субјектот

Субјектот на лични податоци може да достави Барање за доставување на информации за обработка на личните податоци од страна , со кое бара да биде информиран:

- дали се обработуваат неговите лични податоци;
- за целите и правната основа на обработката на личните податоци;
- корисниците или категориите на корисници на кои им се откриваат личните податоци;
- за изворот на податоци.

**ПЗУ Поликлиника БИОТЕК Скопје** проактивно при секоја обработка на лични податоци го информира субјектот на лични податоци како се обработуваат неговите лични податоци, за целите и правната основа на обработка како и за останати информации поврзани со обработката на неговите лични податоци.

## 4. Права на субјектот на личните податоци

Кога податоците се прибираат од субјектот на лични податоци тој мора да биде информиран за:

- идентитетот на Контролорот;
- целите на обработката;
- корисниците или категориите на корисници на личните податоци;
- задолжителноста на давање на одговори на прашања кои вклучуваат лични податоци;
- можните последици ако не се даде одговор и
- постоењето на право на пристап и право на исправка на неговите лични податоци.

Сите Барања за остварување на правата на субјектот на лични податоци, можат да се доставaт до дирекцијата или преку дигиталните канали на **ПЗУ Поликлиника БИОТЕК Скопје**.
Секое уредно примено Барање ќе биде проследено и доставено до Офицерот за заштита на личните податоци на **ПЗУ Поликлиника БИОТЕК Скопје**. Офицерот за заштита на личните податоци е должен да одговори и/или достави информација до субјектот на лични податоци, за секое уредно примено Барање во рок од 15 дена сметано од денот на прием на Барањето.

При подготовката на одговорот, Офицерот за заштита на лични податоци може да побара поддршка и информации од Секторот за човечки ресурси, Секторот за продажба и Секторот за ИТ, доколку процени дека истото е потребно. Офицерот за заштита на лични податоци може да побара помош за одговор и од преставници на **ПЗУ Поликлиника БИОТЕК Скопје**.
Доколку **ПЗУ Поликлиника БИОТЕК Скопје** еднаш одговорил и/или доставил информација за одредено Барање од страна на субјектот на лични податоци и не изминале 6 месеци од денот на доставувањето на претходното барање, нема обврска повторно да одговори на исто или слично барање на тој субјект, ако во меѓувреме нема промени во неговите лични податоци.

## 5. Ограничувања на правата на субјектот на лични податоци

Правата на субјектот на лични податоци утврдени во претходните точки можат да се ограничат во посебни случаи кога со нивното практикување ќе се загрози остварувањето на правата и обврските на **ПЗУ Поликлиника БИОТЕК Скопје** предвидени со закон, договорен основ или статистички цели, како и поради заштита на безбедноста и одбраната на државата, откривање и гонење на сторители на кривични дела и заради заштита на правата и слободите на субјектот на лични податоци или правата на другите физички лица.

## 6. Право на приговор

Субјектот на лични податоци има можност да поднесе приговор за начинот на кој се обработуваат неговите лични податоци или доколку има сомнеж за злоупотреба на неговите лични податоци. Приговорот се поднесува преку сите канали на **ПЗУ Поликлиника БИОТЕК Скопје** (продажно место, контакт центар или дигитален канал). Офицерот за заштита на лични податоци го прегледува приговорот, иницира интерна постапка доколку истото е потребно и редовно го известува субјектот на лични податоци за преземенети активности за решавање на приговорот.

POLYCLINIC BIOTEK

7. **Обработка на личните податоци за други цели**

Во случај да е потребна обработка на личните податоци за други цели, контролорот за да утврди дали обработката за други цели е во согласност со првичната цел за која биле собрани личните податоци, е должен меѓу другото да ги земе предвид:
- секоја поврзаност помеѓу целите заради кои се собираат личните податоци и целите за предвидената понатамошна обработка,
- контекстот во кој биле собрани личните податоци, особено во поглед на односите помеѓу субјектите на лични податоци и контролорот,
- природата на личните податоци, а особено дали се обработуваат посебни категории на лични податоци,
- можните последици од предвидената понатамошна обработка за субјектите на лични податоци,
- постоењето на соодветни заштитни мерки кои може да вклучуваат криптирање или псевдонимизација

За таа цел, Офицерот за заштита на лични податоци ќе подготви техничка анализа за целтта за која се планира да се обработуваат податоците а е различна од првичната цел за која се собрани податоците и ќе даде одобрување за таквата обработка.

**Прилози**

| **Ред.Бр.** | **Име на документот** | **Број на документ** |
|---|---|---|
| 1 | Барање за запирање на обработката, Барање за дополнување, измена или бришење на информации за обработка на личните податоци | Прилог 1 |
| 3 | Барање за доставување на информации за обработка на личнитеподатоци | Прилог 2 |